ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Врз основа на Програмата за финансиска поддршка на жителите на Општина Илинден за 2026 година и Правилникот за условите , начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели , помош за млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња во Општина Илинден донесен од Советот на Општина илинден со бр. 08-2688/32 од 22.12.2025година Градоначалникот на Општина Илинден го објавува следниот:

ЈАВЕН ПОВИК

За доделување еднократна финансиска помош за семејства со запишани деца во прво одделение во учебната 2026/2027 година

1.Општина Илинден согласно Програмата за финансиска поддршка на жителите на Општина Илинден за 2026 година, објавува Јавен повик до сите семејства со живеалиште на територија на Општина Илинден кои имаат запишано дете ученик во прво одделение за учебната 2026/2027 година во основните училишта на подрачје на Општина Илинден.

2. Износот кој Општина Илинден го доделува како финансиска помош за дете запишано во прво одделение изнесува 3.000 денари .

3. Родителите/старателите, кои ќе се пријават на јавниот повик кон **барањето** треба да достават:

– Потврда во оригинал за запишан ученик во прво одделение издадена и заверена од општинското основно училиште во кое е запишано детето;

– Фотокопија од извод од матична книга на родените (за детето-прваче);
– Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа двајцата родители;
– Фотокопија од активна трансакциска сметка од родителот кој е подносител на барањето;

4. Пријавата и потребната документација се доставува преку архивата на Општина Илинден во затворено плико со назнака за јавен повик.

5. Барањата од Јавниот повик ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето.

6. Рокот за пријавување е по јавниот повик е до 15.09.----------2026 година.

7. За спроведување на јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за доделување на еднократна финансиска за семејства со запишани деца во рпво одделение во учебната 2026/2027 година

8. Градоначалникот на Општина Илинден на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на барањето на барателите кои ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

9. Градоначалникот на Општина Илинден на предлог на Комисијата ќе ги извести за неусвојување на барањето, барателите кои не ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик

Изработил
Тања Маневска Николовска
Одобрил
Секретар Тихомир Игњатовски

Арх.бр.10-1913/1
Од 14.8 2026г.

Општина Илинден
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден